Концептот на еднакви можности означува дека жените и мажите треба да имаат еднакви права на човечки, социјален, економски и културен развој, како и подеднакво право на глас во општествениот и во политичкиот живот. Еднакви можности за жените и за мажите претставува отсуство на пречки за економско, политичко и социјално учество врз основа на полот. Тоа значи промовирање на начелото за воведување на еднакво учество на жените и на мажите во сите области од јавниот и од приватниот сектор, еднаков статус, еднаков третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднаков пристап и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој.

Еднаквите можности на жените и мажите во Република Македонија се регулирани со Уставот како највисок правен акт, но и во голем број на закони се внесени одредби со кои се забранува дискриминацијата врз основа на пол и одредби со кои се инкорпорира родовиот концепт во домашната законска регулатива. Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената на ООН е еден од најзначајните документи што заговара постигнување на фактичка еднаквост помеѓу жените и мажите, што е основа за елиминирање на родово-базираното насилство. Во 2017 година Собранието на Република Северна Македонија ја ратификуваше Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истамбулска конвенција) што претставува чекор во превенцијата и борбата против родово базираното насилство. Усвоен е Национален план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство што ги дефинира активностите, клучните институции, индикаторите и временската рамка за преточување на одредбите на Конвенцијата во националното законодавство за периодот 2018-2023. Активностите во Планот е планирано да се реализираат во периодот 2018-2023 во кој период ќе се воспостави темелот за сеопфатен правен и институционален одговор на родово-базираното насилство во Македонија.

Националниот акциски план има три основни цели:

1. Усогласување на законската рамка со одредбите на конвенцијата
2. Воспоставување општи и специјализирани сервиси за унапредување на заштитата на жртвите на родово-базираното насилство и на жртвите на семејно насилство
3. Спроведување активности за превенција од родово-базирано насилство и семејно насилство

**Во контекст на наведеното Министерството за внатрешни работи изготви:**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
MINISTRIA E PUNËVE TË BRENDSHME
Бр./Nr. 22.6-57480/1
14-07-2020 год./viti
Скопје - Shkup

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА 2020 ГОДИНА
# НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ОД НАЦИОНАЛНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ
# И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

---

| ➢ **ЦЕЛ 1:Воспоставување сервиси за унапредување на заштита на жртвите на родово-базирано насилство и на жртвите на семејно насилство** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 1.1** | **Одговорна организациска единица** | **Индикатори** | **Временска рамка** | **Извори на финансирање** |
| Опремување и оспособување на пријатни соби за избегнување на секундарна виктимизација на жртвите на родово-базирано насилство пристапни за лица со попреченост | ЕСПСКК во соработка со МТСП | ➢ Поднесен извештај со предлог објекти во кои има услови за опремување и оспособување на пријатни соби | Јуни/Јули 2020 год. | Буџет на МВР, МТСП и донации |

| ➢ ЦЕЛ 2:Превенција на родово-базирано насилство и семејно насилство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 2.1** | **Одговорна организациска единица** | **Индикатори** | **Временска рамка** | **Извори на финансирање** |
| 2.1.1.Спроведување на обука намента за професионалци за родово-сензитивно обезбеду-вање на услуги на жртвите | Центар за обука | ➢ Број на спроведени обуки | Континуирано во текот на 2020 година | Буџет на МВР |
| 2.1.2. Спроведување на континуирани обуки на полициски службеници | Обучени обучувачи во Бирото за јавна безбедност | ➢ Број на спроведени обуки<br>➢ Број на обучени полициски службеници | Континуирано во текот на 2020 година | Буџет на МВР |
| 2.1.3. Спроведување на обука на кандидати за полицаец | Центар за обука | ➢ Број на наставни часови<br>➢ Број на слушатели | За време на основна обука на кандидати за полицаец | Буџет на МВР |
| **Активност 2.1** | **Одговорна организациска единица** | **Индикатори** | **Временска рамка** | **Извори на финансирање** |
| Објавување на интернет страната на МВР, информации за мерки на безбедност, совети за превенција и резултати од локалните совети за превенција и други корисни информации за превенција на родово-базирано насилство | Оддел за односи со јавност и стратешки прашања | ➢ Објавени препораки и информации поврзани со родово базирано насилство | Континуирано во текот на 2020 година | Буџет на МВР |
| | ЕСПСКК со Оддел за односи со јавност и стратешки прашања | ➢ Објавени совети за превенција на родово-базирано насилство и резултати од локалните совети за превенција | Континуирано во текот на 2020 година | |

**МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

**Наќе Чулев**